**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
бр. 1409-16/4
20.06. 2017 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 4. седница одржана на 09.06.2017 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиска програма „Спорт и спортски менаџмент - Спорт и физичко образование" прв циклус студии на Факултет за спортски менаџмент, Прв Приватен Универзитет - ФОН - Скопје**

1. Се акредитира студиска програма **„Спорт и спортски менаџмент - Спорт и физичко образование" прв циклус студии на Факултет за спортски менаџмент, Прв Приватен Универзитет - ФОН - Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од четири години (осум семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС и со звање: **Дипломиран професор по спорт и физичко образование,** Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки, научно - истражувачко поле: Кинезиологија, научно - истражувачка област: 50400, 50401, 50402, 50403,.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Факултет за спортски менаџмент, прв циклус студиска програма „Спорт и спортски менаџмент - Спорт и физичко образование", на 07.04.2017 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 4. седница одржана на 09.06.2017 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ООН
СКОПЈЕ

| Примено: 29 06 2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 1037/1 | 1 | |

Архивски знак: ___ Рок на чување: ___ год. 28.06.2017 година Потпис,

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Беким Фетаји